Бр. 21- 258
21.02.2013 год.
Скопје

Стручниот совет за докторски студии на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 43.седница одржана на 21.02.2013 година, за подготовката за реализација на годишните семинари и годишните конференции го утврди следново

**М и с л е њ е**

Со оглед на тоа дека годишните семинари и годишните конференции согласно структурата на студиските програми од трет циклус докторски студии се реализираат во II, III, IV, V и VI семестар, Стручниот совет за докторски студии за подобра подготовка на реализацијата го утврди следното мислење:

1. студентот за семинарот и конференцијата во II семестар треба да го подготви следното:
   - пријава
   - една страница текст ( хипотеза и апстракт)*
   - power point презентација
2. студентот за семинарот во III и V семестар треба да го подготви следното:
   - пријава
   - пишан труд од 4 до 10 страни текст кој треба да се рецензира на ниво на Советот на студиската програма *
3. студентот за конференцијата во IV и VI семестар треба да го подготви следното:
   - пријава
   - јавна презентација на рецензираниот труд од семинарот
   - power point презентација

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТРУЧЕН СОВЕТ ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

**Проф. д-р Влатко Стоилков**

* трудот (font Times New Roman,11, line spacing single) да содржи:

- насловна страна
- хипотеза, елаборација и апстракт
- референци